# У Р Е Д Б А
# ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕТО И НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ НА ИНФОРМАЦИОНИОТ СИСТЕМ ЗА ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИ ВО ЕЛЕКТРОНСКИ ОБЛИК И ЕЛЕКТРОНСКИ ПОТПИС ПРИ ПОСТАПКИ ЗА УВОЗ, ИЗВОЗ И ТРАНЗИТ

**- *Неофицијален пречистен текст*[1] –**

ноември 2015 година

[1] Овој текст е од информативен карактер и служи за полесно снаоѓање на засегнатите страни. Официјален текст на Уредбата е оној објавен во Службен Весник на Република Македонија.

Врз основа на член 11-а од Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис ("Службен весник на Република Македонија" бр.34/01, 6/02, 98/08 и 33/15), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 21.10.2008 година, донесе

# У Р Е Д Б А
# ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕТО И НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ НА ИНФОРМАЦИОНИОТ СИСТЕМ ЗА ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИ ВО ЕЛЕКТРОНСКИ ОБЛИК И ЕЛЕКТРОНСКИ ПОТПИС ПРИ ПОСТАПКИ ЗА УВОЗ, ИЗВОЗ И ТРАНЗИТ[2]

## I. Општи одредби

### Член 1
### Предмет

Со оваа уредба се пропишува воспоставувањето, начинот на користење, како и регистрацијата и функционалностите на информациониот систем за обработка на податоци во електронски облик и електронски потпис при постапки за увоз, извоз и транзит.

### Член 2
### Цел

Информациониот систем од член 1 од оваа уредба е систем достапен на интернет кој има за цел да овозможи електронско поднесување и обработка на барања за издавање на дозволи кои се потребни за увоз, извоз и транзит на стоки, евиденција на меѓународниот превоз на стоки и патници, модернизација и

---

[2] Уредбата за воспоставувањето и начинот на користење на информациониот систем за обработка на податоци во електронски облик и електронски потпис при увоз, извоз и транзит на стоки („Службен Весник на Република Македонија" бр.134/2008) – Се применува од 1 ноември 2008 и

Уредба за изменување и дополнување на Уредбата за воспоставувањето и начинот на користење на информациониот систем за обработка на податоци во електронски облик и електронски потпис при увоз, извоз и транзит на стоки („Службен Весник на Република Македонија" бр.13/2011) – Се применува од 12 февруари 2011

Уредба за изменување и дополнување на Уредбата за воспоставувањето и начинот на користење на информациониот систем за обработка на податоци во електронски облик и електронски потпис при постапки за увоз, извоз и транзит („Службен Весник на Република Македонија" бр.138/2013) – Се применува од 1ноември 2013

Уредба за изменување и дополнување на Уредбата за воспоставувањето и начинот на користење на информациониот систем за обработка на податоци во електронски облик и електронски потпис при постапки за увоз, извоз и транзит („Службен Весник на Република Македонија" бр.208/2015) – Се применува од 29ноември 2015

поедноставување на меѓународната размена на стоки, како и да воспостави единствена база на податоци и хармонизиран систем на размена на податоци меѓу субјектите во јавниот и приватниот сектор во областа на меѓународната размена на стоки (во натамошниот текст: едношалтерски систем). Скратениот назив на едношалтерскиот систем е EXIM.

**Член 3**
**Дефиниции**

Одделни изрази употребени во оваа уредба го имаат следново значење:

1. „Едношалтерски систем“ е единствен електронски систем за поврзување и размена на податоци меѓу субјектите, составен од техничка опрема (сервери и други хардверски уреди, комуникациска опрема), мрежи, бази на податоци и софтверски програми;
2. „Дозвола“ е секоја дозвола, лиценца, одобрение, согласност, решение или друг вид на управен акт која се носи или издава од надлежен органи која е потребна при меѓународната размена на стоки.
3. „Барање“ е образец за автоматска обработка на податоци со кој економскиот оператор се обраќа до органот заради издавање на дозвола;
4. „Орган“ е секој орган на државната управа и институции со јавни овластувања, кои даваат услуги преку едношалтерскиот систем;
5. „Економски оператор“ е правно лице кое во рамките на своето работење е вклучено во активности кои се опфатени со царинските прописи и прописите со кои се уредуваат дозволите и кое го користи едношалтерскиот систем;
6. „Субјекти“ се сите лица, органи и економски оператори кои се регистрирани и го користат едношалтерскиот систем;
7. „Корисник“ е секое физичко лице вработено во органот или економскиот оператор кое користи одделни функционалности на едношалтерскиот систем;
8. „Координатор“ е лице вработено во органот, кое е овластено од одговорното лице на органот да ја следи и координира оперативноста на едношалтерскиот систем на ниво на орган и учествува во планирањето за унапредување и развој на системот.
9. „Референтни податоци“ се податоци од одредена област групирани на соодветен начин според меѓународни или национални стандарди.

## II. Воспоставување и начин на управување и користење на едношалтерскиот систем

### Член 4
### Управување и органи, корисници на едношалтерскиот систем

(1) Со едношалтерскиот систем управува Царинската управа во координација со органите, корисници на системот.

(2) Корисници на едношалтерскиот систем се следните органи:
- Министерство за финансии – Царинска управа,
- Министерство за внатрешни работи – Биро за јавна безбедност,
- Министерство за економија,
- Министерство за економија - Биро за метрологија,
- Министерство за животна средина и просторно планирање,
- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство,
- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство - Управа за семе и саден материјал,
- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство - Фито-санитарна управа,
- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство - Државен инспекторат за земјоделство,
- Министерство за здравство,
- Министерство за здравство - Државен санитарен и здравствен инспекторат,
- Министерство за култура - Управа за заштита на културното наследство,
- Министерство за транспорт и врски,
- Министерство за транспорт и врски – Државен инспекторат за транспорт,
- Агенција за храна и ветеринарство,
- Дирекција за радијациона сигурност, и
- Агенција за лекови медицински средства.

### Член 5
### Начин на користење на едношалтерскиот систем од страна на органот

(1) Органот го користи едношалтерскиот систем, во рамките на своите надлежности, за прием и обработка на барања за дозволи, издавање на дозволи, прием на барања за распределба на стоки во рамките на тарифни квоти, како и за евиденција и контрола при спроведување на постапка за меѓународна размена на стоки и меѓународен превоз на патници.

(2) Во случај кога економскиот оператор или физичкото лице барањето за дозвола го поднесе во хартиена форма, органот ги внесува податоците од барањето во едношалтерскиот систем.

(3) Органот го користи едношалтерскиот систем за издавање дозвола и во случај кога таа дозвола престанала да се бара во постапка за меѓународна размена на стоки, но е услов за пуштање на стоката на пазар согласно закон.

(4) Органот ја информира Царинската управа за потребата од воведување на нова дозвола, како и за секоја планирана промена во постапката која се спроведува преку едношалтерскиот систем. Царинската управа, во координација со органот, ја цени техничката изводливост и целисходност за внесување на бараните промени или нови дозволи во едношалтерскиот систем.

**Член 6**
**Начин на користење на едношалтерскиот систем од страна на економските оператори**

(1) Економските оператори барањата како и прилозите кон барањата ги поднесуваат во електронска форма, преку едношалтерскиот систем или директно до надлежниот орган во хартиена форма.

(2) Доколку економскиот оператор барањето го поднесе преку едношалтерскиот систем, понатамошните дејствија во постапката се извршуваат преку едношалтерскиот систем.

(3) Економскиот оператор може документите кои се доставуваат во прилог на барањето да ги поднесе во хартиена форма, кога истите не се достапни во електронска форма или кога согласно закон се бара доставување во оригинална хартиена форма.

**Член 7**
**Начин на управување со податоците**

(1) Со податоците поднесени и разменети преку едношалтерскиот систем управува органот до кој се поднесени.

(2) Органот управува со референтните податоци во едношалтерскиот систем кои се во негова надлежност и за кои има соодветно право на пристап во истиот.

(3) Царинската управа управува со референтни податоци кои се од заеднички интерес за сите субјекти кои се вклучени во едношалтерскиот систем. По барање на органот, Царинската управа ги ажурира оние референтни податоци што се во надлежност на органот и кои се дел од централната база на податоци.

(4) Органот кој врши прием и управува со податоците, вклучително и референтните податоци во едношалтерскиот систем, овозможува размена на тие податоци со другите органи вклучени во едношалтерскиот систем.

(5) Органите на државната управа, јавните претпријатија, акционерските друштва и друштвата со ограничена одговорност во државна сопственост и институциите со јавни овластувања кои не се вклучени во едношалтерскиот систем, а располагаат со бази на податоци што се потребни за обработка на податоците и издавање на дозволата, за потребите на едношалтерскиот систем обезбедуваат соодветна електронска размена на податоците од истите.

(6) Органите вклучени во едношалтерскиот систем и органите на државната управа, јавните претпријатија, акционерските друштва и друштвата со ограничена одговорност во државна сопственост и институциите со јавни овластувања кои не се вклучени во едношалтерскиот систем разменуваат податоци и информации кои им се потребни за вршење на нивните надлежности. Обемот на размена се однесува на податоците и информациите кои се соодветни и пропорционални на целите заради кои се разменуваат.

(7) Органите вклучени во едношалтерскиот систем со органите на државната управа, јавните претпријатија, акционерските друштва и друштвата со ограничена одговорност во државна сопственост и институциите со јавни овластувања кои не се вклучени во едношалтерскиот систем договорно го уредуваат начинот на размена на податоците за потребите на едношалтерскиот систем.

(8) Органот е одговорен за погрешно внесени или неажурирани информации во едношалтерскиот систем, а кои се однесуваат на обрасците, референтните податоци и другите информации од негова надлежност.

(9) При обработката (приемот, размената и чувањето) на личните податоците во едношалтерскиот систем, се применуваат прописите за заштита на личните податоци.

**Член 8**
**Начин на одржување на едношалтерскиот систем**

(1) Царинската управа се грижи за одржувањето и функционирањето на централната техничка опрема (сервери и други хардверски уреди, комуникациска опрема), мрежи и бази на податоци и централната софтверска програма и ја следи и координира оперативноста на едношалтерскиот систем.

(2) Органот се грижи за одржувањето и функционирањето на локалната техничка опрема (сервери и други хардверски уреди, комуникациска опрема), мрежи и бази на податоци, како и за софтверските програмисо кои едношалтерскиот систем разменува информации и кои се во сопственост или ги администрира органот.

(3) Органот назначува координатор и обезбедува соодветна организациска и кадровска структура за непречено функционирање на едношалтерскиот систем. При назначување на нов координатор или промена на организациската и кадровската структура, органот ја известува Царинската управа во рок од три дена.

**Член 9**
**Безбедност на едношалтерскиот систем**

(1) Примарните сервери на кои се инсталирани софтверските програми, базата на податоци за едношалтерскиот систем, физички се лоцирани, хостирани и администрирани од страна на Царинската управа.

(2) Физички пристап до просторијата во која се сместени серверите имаат само овластени лица од директорот на Царинската управа.

(3) Доколку е потребен пристап на друго лице до просторијата и податоците зачувани на серверите, тогаш тоа лице треба да биде придружувано и надгледувано од овластено лице од став 2 на овој член.

(4) Просторијата во која се инсталирани серверите се заштитува од ризиците во опкружувањето преку примена на мерки и контроли со кои се намалува ризикот од потенцијални закани, вклучувајќи кражба, пожар, експлозии, чад, вода, прашина, вибрации, хемиски влијанија, пречки во снабдувањето со електрична енергија и електромагнетно зрачење.

(5) Секој орган, корисник на едношалтерскиот систем воспоставува и применува организациски и технички мерки за физичка безбедност на локалната техничка опрема, мрежи и бази на податоци на едношалтерскиот систем.

**Член 10**
**Заштита на серверите и софтверската програма**

(1) Серверите и софтверската програма се заштитуваат преку:

- огнени ѕидови (firewall) за заштита на внатрешните сегменти од надворешен пристап, кои се конфигурирани за да оневозможат пристап и протокол кој не е потребен за функционирање на едношалтерскиот систем,
- вграден безбедносен серверски сертификат за заштита на електронската комуникација и
- систем за заштита од штетни софтверски програми, кој редовно се ажурира со најновите дефиниции на штетни софтверски програми и кој врши проверка заради откривање и оневозможување на дејствување на штетни софтверски програми при секој прием на податоци во едношалтерскиот систем.

**Член 11**
**Резервна копија на податоците**

(1) Резервната копија (back up) на податоците складирани на серверите се чува во просторија која се наоѓа надвор од објектот во кој се сместени серверите.

(2) Резервните копии се физички и криптографски заштитени заради оневозможување на каква било модификација.

(3) Резервното копирање на податоците се врши секој работен ден, на крајот од работната седмица и секој последен работен ден во месецот.

(4) Заради вршење на резервно копирање Царинската управа обезбедува уред и доволен број на медиуми за правење резервни копии согласно план за управување со копиите.

**Член 12 (*избришан*)**

## IV. Регистрација во едношалтерскиот систем

**Член 13**
**Регистрација на органите**

(1) Царинската управа ги регистрира органите во едношалтерскиот систем, односно им доделува корисничко име и лозинка на координаторите или лицата овластени од одговорното лице на органот.

(2) Координаторот или лице овластено од одговорното лице на органот, ги администрира податоците за регистрација на корисниците на едношалтерскиот систем од тој орган.

**Член 14**
**Регистрација на економските оператори**

(1) Економскиот оператор се регистрира во едношалтерскиот систем со поднесување на барање за регистрација во електронска и хартиена форма до Царинската управа.

(2) Врз основа на поднесеното барање за регистрација од ставот (1) на овој член и по извршената проверка, Царинската управа активира еден кориснички профил по економски оператор, кој може да регистрира други корисници на едношалтерскиот систем да настапуваат во име на тој економски оператор, доколку за тоа имаат соодветно овластување од одговорното лице.

**Член 15**
**Користење и менување на корисничкото име и лозинката**

(1) Корисникот на едношалтерскиот систем го користи корисничкото име и лозинката при најава, односно пристап во едношалтерскиот систем.

(2) Корисникот на едношалтерскиот систем не може да го менува корисничкото име, но може да ја менува лозинката.

(3) Царинската управа ги утврдува и на јавниот дел од веб-локацијата на едношалтерскиот систем ги објавува условите за регистрација и правилата за користење на едношалтерскиот систем од страна на економските оператори, вклучително и техничките процедури за креирање и управување со корисничко име и лозинка во едношалтерскиот систем.

## V. Функционалности на едношалтерскиот систем

### Член 16
### Дејствија кои органите ги преземаат во управната и други постапки преку едношалтерскиот систем

(1) Органот преку едношалтерскиот систем:

- врши прием на барање за издавање на дозвола,
- внесува податоци содржани во барањето за дозвола поднесено во хартиена форма од страна на економскиот оператор,
- води постапка за издавање на дозволата,
- испраќа известување до подносителот на барањето за донесена одлука за издавање или неодобрување на дозвола,
- издава акт за издавање или неодобрување на дозвола,
- поништува или укинува акт за издавање на дозвола во целост или делумно,
- врши проверка на издадени дозволи од други органи,
- ја потврдува искористеноста на дозволата и
- води и има целосен пристап до евиденцијата за примена и испратена документација, како и до самата документација во постапката за издавање на дозволи.

(2) Царинската управа преку едношалтерскиот систем ги презема дејствијата наведени во став (1) алинеи 7 и 8 од овој член, дејствијата во постапките за распределба на стоките во тарифни квоти и дејствијата за евиденција на меѓународниот превоз на патници и издадените дозволи за меѓународен превоз на стоки од ставот (3) на овој член.

(3) Министерството за транспорт и врски во едношалтерскиот систем внесува податоци за издадените дозволи за меѓународен превоз на стоки пропишани со билатерална спогодба потпишана помеѓу Република Македонија и земјата до, од или преку чија територија се извршува превозот. Министерството за транспорт и врски и Државниот инспекторат за транспорт преку едношалтерскиот систем вршат увид во евидентираните податоци за меѓународниот превоз на стоки и патници.

(4) Економскиот оператор преку едношалтерскиот систем:

- пребарува и добива информации за соодветните дозволи и распределбата на стоки во тарифни квоти според тарифните ознаки на стоките,
- поднесува барање за издавање на дозвола,
- комуницира со органот во текот на постапката,
- добива известување за одлуката за издавање или неодобрување на дозвола и
- ја презема дозволата.

(5) Во комуникацијата преку едношалтерскиот систем органот и економскиот оператор користат електронски потпис во форма на дигитален сертификат, согласно закон.

**Член 17**
**Увид во документи во едношалтерскиот систем**

(1) Кон барањето поднесено преку едношалтерскиот систем не се приложува

- доказ за регистрација на економскиот оператор, и
- доказ за извршена уплата на административна такса, согласно Законот за административни такси, превземен по електронски пат преку едношалтерскиот систем од трезорската сметка, но само доколку начинот на кој уплатата е извршена е во согласност со упатствата кои се објавени од органот на неговата официјална веб страница.

(2) Органот преку едношалтерскиот систем има увид во доказите од став (1) алинеа 2 на овој член и врши проверка на нивната валидност и евидентирање на искористеноста на превземената уплата на административна такса преку нејзино поврзување со соодветното барање поднесено преку едношалтерскиот систем.

(3) По исклучок, доказите за кои нема податоци во едношалтерскиот систем органот ги бара од подносителот на барањето.

**Член 18**
**Дејствија во постапката кои автоматски ги презема едношалтерскиот систем**

Софтверската програма автоматски:

- го евидентира корисникот и времето во кое го презел дејствието,
- доделува референтен број на секое поднесено барање, според кој се идентификува предметот во едношалтерскиот систем, и
- го потврдува успешниот прием на барањето, документот и пораката разменети помеѓу економскиот оператор и органот, при што се наведува точното време на прием и се испраќа автоматски генерирана порака до регистрираната електронска адреса на барателот.

**Член 18-а**
**Примена на хартиена форма како алтернатива**

(1) Во случај на подолготраен технички проблем и прекин во функционирањето на едношалтерскиот систем, поднесувањето и размената на податоците и документите се вршат во хартиена форма согласно одредбите на оваа уредба и упатствата дадени од страна на Царинската управа.

(2) По повторното воспоставување на функционалноста на едношалтерскиот систем, органот поднесените и разменетите податоци и преземените дејствија во хартиена форма ги внесува и обработува во едношалтерскиот систем.

**Член 19**
**Извештаи и чување на документи**

(1) Органот преку софтверската програма има увид и можност да печати автоматски генерирани извештаи во кои се содржат основни податоци за следење на дејствијата преку едношалтерскиот систем и евиденција на предметите.

(2) Целокупната документација поднесена, размената или внесена преку едношалтерскиот систем се зачувува во електронска форма. Документите зачувани во едношалтерскиот систем се даваат на увид на овластени лица заради инспекциски надзор, ревизија или други, со закон, определени дејствија на овластени лица и органи.

(3) За документите и податоците кои се примени или разменети во хартиена форма, како и при обработката на податоците и преземањето на дејствијата преку едношалтерскиот систем, органот соодветно за информациониот систем ги применува прописите за деловодно и архивско работење.

**Член 20**
**Корисничка поддршка**

(1) Царинската управа обезбедува корисничка поддршка за координаторот или лицата овластени од одговорното лице на органот. Координаторот или лицата овластени од одговорното лице на органот обезбедуваат корисничка поддршка за корисниците на едношалтерскиот систем од органот и за оние економски оператори кои поднесуваат барање до тој орган.

(2) Органот на неговата официјална веб страница креира посебна страница за едношалтерскиот систем и на неа објавува содржини наменети за економските оператори, согласно законите и подзаконските акти во негова надлежност и истите редовно ги ажурира.

(3) Органот на веб страницата од став (2) на овој член објавува:

- прописи, правилници и упатства кои се однесуваат на постапката на издавање и обработка на барањата за дозволи и тарифни квоти преку едношалтерскиот систем,
- информации за видот на дозволите кои ги обработува преку едношалтерскиот систем, износите на административните такси и дополнителни надоместоци и начинот на нивна пресметка, начинот на пополнување, плаќање и обезбедување на доказите за извршените уплати за нивно издавање,
- обрасци за поднесување на барањата за дозволи и тарифни квоти во хартиена форма,
- извештаи за обемот на издадени дозволи и просечното време на издавање преку едношалтерскиот систем и
- други информации од интерес на економските оператори.

(4) Министерството за транспорт и врски на неговата официјална веб страница објавува листа на земји за кои не е потребна дозвола или има делумна либерализација на дозволи, во зависност од видот на превозот, за тековната година.

## VI. Преодни и завршни одредби

### Член 21

Договорите од член 7 став (7) на оваа уредба ќе се склучат во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа уредба.

### Член 22

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 ноември 2008 година.